# Discovering a Sustainable Mindset [SysMind]

## ***SysMind Курикулум***

Co-funded by
the European Union

*The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents, which reflects the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use, which may be made of the information contained therein.*

**Цели на обуката**

Стручното образование и обука (СОО) треба да се справи со различни дилеми како економскиот раст наспроти регрес, слобода наспроти одговорност, иновации наспроти избегнување ризици итн. Образовниот процес кој води кон одржлив развој премногу често неуспева бидејќи токму овие дилеми се занемаруваат. Една од овие дилеми е различноста на луѓето во нивното културно и религиозно потекло. Во СОО, високото ниво на интеркултурализам доминира во различни професионални групи и предизвикува конфликти и во училишната и во компаниската средина. Последователно, се поставува прашањето како пристапот до целите за одржливост (SDGs) и темите поврзани со оваа проблематика може да се обработуваат интеркултурно без да бидат селективни и дискриминирачки. Курсот, односно обуката „Откривање на одржлив начин на размислување“ ќе ги поддржи наставниците и обучувачите за стручно образование и обука за да им овозможат на своите ученици да носат правилни одлуки за прашањата за одржливиот развој и да го одразат овој предизвик во професионалното однесување земајќи ги предвид постојните културни, религиозни и духовни средини.

Иновативниот карактер на овој курс се состои во тоа што пристапот кон имплементација на концептите за одржливост во размислувањата на учениците и обучувачите доаѓа од огромната разновидност на културни, религиозни и духовни средини во нашето Европско општество. Непознавањето на разликите помеѓу различните средини е главната причина за општествените конфликти, сегрегацијата и маргинализацијата. За жал, дидактичките материјали што ги користат наставниците и обучувачите во редовното образование не го земаат предвид прашањата за „потеклото и контекстот од кој доаѓаат учениците, па и самите тие“, прашањата што се однесуваат на нивната култура, религија или духовност, и често не успеваат да ја постигнат својата цел и да не ги достигнат образовните цели. Затоа, оваа наставна програма ќе се фокусира на менување на размислувањата на учениците преку помагање на наставниците и обучувачите да користат алатки за управување со различностите и да ги рефлектираат нивните сопствени културни, религиозни и духовни верувања во корелација со прашањата за одржливост.

Овој курс се содржи 10 ЕКТС, а учесниците на курсот ќе поминат 250 часа теоретска и практична работа во индивидуално и групно учење.

## Целна група

Стручните училишта, како и претпријатијата со обучувачи, тренери или ментори ќе можат да партиципираат во овој курс, бидејќи наставниците ќе можат да дизајнираат поатрактивни лекции и на обучувачите ќе им биде овозможено да интегрираат прашања за одржлив развој во нивната работа и да допрат до учениците од различни културни, религиозни и духовни средини и контексти. Конечниот исход на крајот ќе ги поддржи учениците да станат свесни и да развијат сопствени начини на размислување и вредности за одржливиот развој.

## Резултати од учењето

Учесниците на обуката (наставници, обучувачи, тренери или ментори) ќе можат да:

- Направат рефлексија на сопственото културно, религиозно и духовно потекло кое е предуслов за пристап и работа со хетерогени групи ученици/студенти;
- Развиваат знаења, вештини и компетенции за интеркултурни, меѓурелигиски и духовни одговори на прашањата за одржливиот развој;
- Развијат понатамошни постоечки концепти за образование за одржлив развој преку алатки за истражување на различностите;
- Интегрираат современи (е-) концепти за учење за имплементација на содржински предизвици и овозможат адаптација на националните предизвици;
- Им овозможат на младите луѓе да станат погодни за меѓународниот пазар на труд во различни области на економијата, преку справување со различни културни, религиозни и духовни средини;

- Обезбедат перспектива за меѓукултурните, меѓурелигиските и духовните аспекти на одржливиот развој;
- Поддржат учениците со иновативни педагошки методи за да го рефлектираат сопствениот ум во однос на одржливоста од нивниот сопствен културен, религиозен, духовен поглед/позиција/позадина;
- Да се практикуваат универзални човечки вредности за постигнување на цели за одржлив развој;
- Спроведување на наставни методи и техники, земајќи ги предвид културните, духовните и религиозните различности, кои ќе промовираат одржлив развој.

Курсот се состои од **три модули:**

1. Одржливост - прашање на технологија, економија или вредности? Ефикасност и доследност или праведност, солидарност, толеранција;
2. Управување со различностите за одржлив начин на живот – Интеркултурна компетентност: професионална култура, меѓурелигиско(и) и одржливост;
3. Евалуација на стратегиите за одржливост во стручното образование и обука - Проценка на процесите на учење за одржливост.

По успешното завршување на обуката, учесниците ќе ги стекнат следните **компетенции:**

– Ревизија на сопствениот пристап кон културната, религиозната и/или духовната позадина и реализирање активности кои водат кон одржливост, едукација за одржлив развој како и професионално однесување во постојниот социјално-еколошки и културно-религиозен контекст на холистички, советодавен и превентивен начин;
– Идентификација на културната/религиозната разновидност во групите за учење и работасо различноста врз основа на управувањето со различностите на позитивен начин;
– Поддршка на учениците да станат свесни за сопствениот начин на размислување за одржлив развој;

- Објаснување на четирите природни елементи и нивната поврзаност со климатските промени во однос на причините и последиците користејќи ги за идентификување и подобро разбирање на културната/религиозната различност;
- Развивање аналитичка чувствителност во однос на размислувањата на учениците и културното, религиозното или духовното потекло и применување постапки за поддршка на одржливо размислување;
- Развивање и имплементација на постапки кои ги синтетизираат културните/религиозните/духовните позадини со содржини за одржливост со употреба на алатки за управување со различности;
- Комуницирање за динамиката помеѓу начините на размислување за одржливост и духовност, религија, филозофија, култура на учениците;
- Знања за постоечките концепти кои комбинираат Образование за одржлив развој со духовност;
- Откривање и спроведување на соодветни методи и техники за евалуација;
- Оценување на компетенциите и резултатите од учењето за одржлив развој кај учениците;
- Самооценување на сопствениот процес на учење и наставните компетенции.

❖ **Општи компетенции Модул 1 - Одржливост - прашање на технологија, економија или вредности? Ефикасност и доследност или праведност, солидарност, толеранција:**

- Ревизија на сопствениот пристап кон културната, религиозната и/или духовната позадина и реализирање активности кои водат кон одржливост, едукација за одржлив развој како и професионално однесување во постојниот социјално-еколошки и културно-религиозен контекст на холистички, советодавен и превентивен начин;
- Идентификација на културната/религиозната разновидност во групите за учење и работа со различноста врз основа на управувањето со различностите на позитивен начин;
- Поддршка на учениците да станат свесни за сопствениот начин на размислување за одржлив развој;

– Објаснување на четирите природни елементи и нивната поврзаност со климатските промени во однос на причините и последиците користејќи ги за идентификување и подобро разбирање на културната/религиозната различност.

❖ **Општи компетенции Модул 2 - Управување со различностите за одржлив начин на живот - Интеркултурна компетентност: професионална култура, меѓурелигиско(и) и одржливост:**

– Развивање аналитичка чувствителност во однос на размислувањата на учениците и културното, религиозното или духовното потекло и применување постапки за поддршка на одржливо размислување;
– Развивање и имплементација на постапки кои ги синтетизираат културните/религиозните/духовните позадини со содржини за одржливост со употреба на алатки за управување со различности;
– Комуницирање за динамиката помеѓу начините на размислување за одржливост и духовност, религија, филозофија, култура на учениците.

❖ **Општи компетенции Модул 3 - Евалуација на стратегии за одржливост во стручното образование и обука - Проценка на процесите на учење за одржливост:**

– Откривање и спроведување на соодветни методи и техники за евалуација;
– Оценување на компетенциите и резултатите од учењето за одржлив развој кај учениците;
– Самооценување на сопствениот процес на учење и наставните компетенции.

Учесниците ќе ги добијат наведените компетенции во следните домени:

| Домен | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | − Ја разбира важноста на позитивното справување со верската/културната различност во групите;<br>− Покажува знаење и разбирање за прашања поврзани со одржливиот развој во образовен и културен/религиски контекст;<br>− Ги разбира методолошките решенија за решавање на сложени проблеми од областа на одржливиот развој, како систематски така и на креативен начин, што дава основа или можност за оригиналност во развојот и/или |

| | |
|---|---|
| | примената на автономни идеи во контекст на истражување во областа на одржлив развој;<br>− Поседува знаење од областа на одржливиот развој врз основа на најреномираните меѓународни истражувања. |
| Разбирање и примена | − Способност за примена/развивање идеи за позитивно управување со различностите со цел да се развие заедничка основа за групата за учење;<br>− Способност за критичко, независно и креативно решавање на проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини во мултидисциплинарен контекст, поврзан со одржливиот развој;<br>− Способност за користење проширено и продлабочено знаење за одржлив развој во образовен контекст;<br>− Водење и иницирање активности за одржлив развој;<br>− Покажува високо ниво на професионална компетентност во областа на одржливиот развој во образованието;<br>− Способност да се идентификуваат или предвидат можните влијанија на неодржливата практика и да се предложат релевантни активности/решенија за да се спречи тоа користејќи холистички советодавни пристапи и одреден културен/религиозен контекст. |
| Анализа | − Способност да се анализира културната/религиозната разновидност на групите за учење за изнаоѓање заеднички начин кон зголемено разбирање на одржливоста;<br>− Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењата од областа на одржливиот развој;<br>− Способност за проценка на сложени прашања, дури и со нецелосни и ограничени информации и систематска примена на стекнатото знаење од областа на одржливиот развој во образованието;<br>− Способност за оценување и избор на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од областа на одржливиот развој во образованието, како и поставување нови анализи и решенија на научна основа;<br>− Преземање значителна одговорност за заеднички резултати. |
| Комуникациски вештини | − Способност да се дискутира за вредноста на различните културни и религиозни средини;<br>− Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументи и со нивна рационална поддршка, и со експерти и со неексперти, јасно и недвосмислено. |
| Вештини за учење | − Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење, како и способност за самостојно дејствување при стекнување нови знаења и вештини во областа на одржливиот развој во образованието и управувањето со различностите;<br>− Способност за преземање одговорност за понатамошно учење и подобрување. |

## 3.3 Модули

### 3.3.1 Опис на модулите

**Модул 1**

<table>
<tr><td>Акроним<br><br>М1</td><td colspan="4">Назив на модулот<br><br>Одржливост - прашање на технологија, економија или вредности? Ефикасност и доследност или праведност, солидарност, толеранција?</td></tr>
<tr><td></td><td>ECTS<br><br>3</td><td>Семестар<br><br>1</td><td>Јазик<br><br>Англиски</td><td>Траење (часови)<br><br>75</td></tr>
<tr><td colspan="5">Содржина:<br><br>Во рамките на овој модул, учесниците ќе се занимаваат со целите за одржлив развој, како и со актуелните глобални предизвици, на пр. климатските промени и ќе се оспособат да извршат само-анализа на сопствениот начин на размислување. Откако ќе ја идентификуваат нивната заднина и пристап кон вредностите, тие почнуваат да развиваат индивидуални постапки за учење каково насока да ги поддржат учениците да бидат свесни за сопствениот став кон темите за одржливост.<br><br>Теми:<br><br>- Мојата улога во рамките на климатските промени (еколошки отпечаток) – одговорност и солидарност на сите и климатска правда;<br>- Цели за одржлив развој;<br>- Столбови на одржливост;<br>- Конфликт на економија базирана на факти и екологија против вредности;<br>- Четирите елементи (оган, вода, почва и воздух) и климатски промени - засновани на факти, влијание врз начинот на живот;<br>- Постапки за учење за обука за подигање на свеста (заснована на Зелена педагогија)<br>- Економски раст според парадигмата на еколошката економија</td></tr>
<tr><td colspan="5">Резултати од учење/компетенции:<br><br>- Преглед на сопствениот пристап/заднина и извлекување на активности за одржливост;<br>- Поддржете ги учениците да станат свесни за сопствениот начин на размислување;<br>- Објаснете ги четирите елементи и нивната поврзаност со климатските промени во однос на причината и последицата.<br>- Способност за одлучување земајќи ги предвид социјалните, економските и еколошките приоритети</td></tr>
<tr><td colspan="5">Методи на учење и поучување:<br><br>Предавања, дискусии, групна работа, учење базирано на искуство, учење базирано на сетила, саморефлексија, теренска работа, презентации, играње улоги, дебати итн.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Доказ за изведба:<br><br>Изготвување на пример за лекција и внатрешна повратна информација за учење и обука.</td></tr>
</table>

**Модул 2**

| *Акроним* | *Назив на модулот* | | | |
|---|---|---|---|---|
| *M2* | ***Управување со различностите за одржлив начин на живот - Интеркултурна компетентност: професионална култура, меѓурелигиско(и) и одржливост*** | | | |
| | *ECTS* | *Семестар* | *Јазик* | *Траење (часови)* |
| | **4** | **1** | Англиски | **100** |

*Содржина:*

Во рамките на овој модул, учесниците ќе анализираат различни интер и интраперсонални ставови и ќе размислуваат за сопствената духовна, религиозна, филозофска и културна димензија на нивниот начин на размислување. Тие ќе идентификуваат конструктивни и синергетски придонеси на различните религии за одржливост и концептот на „Зелена педагогија“. Учесниците ќе ги запознаат и постоечките концепти кои комбинираат Образование за одржлив развој со духовност, како на пр. АЧИЧКА педагогија. Може дури и да се интегрира етичкото прашање за значењето (на пр. Виктор Франкл) во педагошката работа на образованието за одржлив развој.

*Теми:*

- Различни меѓусебни и интраперсонални ставови;
- Духовна, религиозна, филозофска и културна димензија на развојот на размислувањата во педагошка работа.
- Конструктивни и синергетски придонеси на различни религии за одржливост;
- Согледување на размислувањата на учениците;
- Зелена педагогија: учење од противречности, менување на перспективите (како основа за разбирање и обраќање на учениците);
- Справување со потенцијални контрадикторни теми на ценет начин;
- Управување со различностите;
- Примена на конкретни примери со цел да се развие системско одржливо размислување и дејствување.

*Резултати од учење/компетенции:*

– Развиена аналитичка чувствителност во однос на размислувањата на учениците и применување постапки за поддршка на одржливо размислување;
– Развивање и имплементација на постапки кои ги синтетизираат културните/религиозните позадини со содржини за одржливост;
– Комуницирање на динамиката помеѓу начините на размислување за одржливост и духовност, религија, филозофија, култура на учениците;
– Користење алатки за управување со различностите за градење на заедничка и позитивна основа за одржливост.

*Методи на учење и поучување:*

Предавања, дискусии, индивидуална работа, учење базирано на искуство, истражување, саморефлексија, медитација, презентации, демонстрации итн.

*Доказ за изведба:*

Индивидуални презентации на теми и LTT-внатрешни повратни информации.

**Модул 3**

<table>
<tr><td>Акроним<br><br>М3</td><td colspan="4">Назив на модулот<br><br>Евалуација на стратегиите за одржливост во стручното образование и обука - Проценка на процесите на учење за одржливост</td></tr>
<tr><td></td><td>ECTS<br><br>3</td><td>Семестар<br><br>1</td><td>Јазик<br><br>Англиски</td><td>Траење (часови)<br><br>75</td></tr>
<tr><td colspan="5">Содржина:<br><br>Квалитативни и квантитативни методи на евалуација и оценување концепти лекции. Техники за оценување за одржлив развој во стручното образование и обука.<br><br>Теми:<br><br>- Одржливи мерки во училиштата – најдобри практики – посета на училишта и часови и дискусија со искусни наставници;<br>- Понатамошно образование за одржлив развој, позитивно справување со културните и религиозните разлики, управување со различностите и - практични искуства;<br>- Современи методи и техники за оценување во СОО;<br>- Идни чекори и заклучоци за компетенции за одржлив развој во СОО.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Резултати од учење/компетенции:<br><br>- Откривање и спроведување на соодветни методи и техники за евалуација<br>- Проценување на компетенциите за одржлив развој на учениците и резултатите од учењето<br>- Самооценување на сопствениот процес на учење и наставните компетенции.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Методи на учење и поучување:<br><br>Учење со саморефлексија, учење од врсници, групна работа, дискусија во групи, дебата, презентација, екскурзија, анализа на содржина, предавање, бура на идеи, студија на случај, практично учење.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Доказ за изведба:<br><br>Презентација, тест и LTT-внатрешни повратни информации.</td></tr>
</table>